# Изложба на Милко Нестороски

Изложба на дела од стружанецот Милко Нестороски е отворена во ликовната галерија. ( 2.04.2021 – 16.02.2021).

Уметникот Нестороски, преку делата се обидува да одговори на прашањето која е улогата на уметноста во човечката цивилизација, од каде произлегува потребата од уметност и која е нејзината основна намена или зошто уметност?

- На почетокот од моето творештво како потенцијален уметник, се занимавам со некои вакви прашања чии одговори ги сметам за клучни и како непишани правила кои треба да се земат во предвид при создавање на секое едно уметничко дело. Овие одговори секој потенцијален автор пред сè треба да ги побара во себе, размислувајќи за своите потреби, желби, чувства, размислувања и сл., и нивната поврзаност со неговиот творечки нагон. Да се запраша кои се најискрените лични причини поради кои тој сака да создава уметност и каква би била таа. Лично во потрагата по овие одговори одлучив да тргнам назад во моето детство, за во тогашниот мој светоглед ги пронајдам корените на сегашните мои творечки тенденции. Така стигнав до дела со кои истовремено како тема се опфатени  прашањето за природата на уметноста и творечкиот нагон, но и карактеристиките на тоа што, таков каков што сум, имам да го понудам при моето изразување преку ликовната уметност – вели авторот.

{AG}milko2021{/AG}

Милко Нестороски, е дипломиран сликар со модул сценографија на ФЛУ - Скопје во класа на проф. М-р Благоја Маневски. За време на и после студиите учествува на повеќе групни изложби, конкурси, работилници, проекти и перформанси во Струга и Скопје, организатор на првата Треш-арт колонија во државата во склоп на ДРИМ-ОН фестивалот која резултира со јавен перформанс.

Има реализирано самостојни изложби во Струга, Скопје, Кичево... Моментално работи во своето ателје во Струга каде држи и часови по ликовна уметност.

Во последната година соработува со странска уметница Лида Шерафатманд со која е закажана заедничка изложба во САМ Музеј на современа уметност во Наполи и се коавтори на манифест во склоп на изложбата.